## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува


МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 03-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 893 | 1 | |


### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по допис со барање за објаснување од Народниот правобранител - подрачна канцеларија Кичево;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 февруари 2022 година, дел од емисијата „КОД“

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 март 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Програмскиот надзор беше извршен по добиено Барање за објаснување, информации и докази за наводите во претставка, поднесена од страна на физичко лице до Народниот правобранител – подрачна канцеларија Кичево, а потоа препратена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (наш бр. 03-762 од 24.02.2022 година).

Во претставката испратена до Народниот правобранител, подносителот наведува дека: *„Од како е објавен пресудата мојот случај стана јавен ,односно Електронски и Печатените медиуми го објавија мојот случај со име и презиме и број на предмет како и сите списи на предметот и тоа со искривена и невистинита фактичка состојба а се со цел да оди во моја штета со што ми беше нарушено личниот и семејниот интегритет а уште полошо ми беше нарушено угледот во јавноста за то што мојот идентитет беше оголен до тоа мера што е навлегувано и во мојот приватен живот.Ова објава во медиумите е против законска затоа што немаме конечна одлука и е во спротивност на принципот на презумцција на невиност а според мениумите однапред сум виновен“.* Во дописот, подносителот на претставката вели: *„...Барам од страна на Народниот правобранител да се обрати со претставка до ЗНМ и да го осудат објавувањето од страна на ТВ Телма–со новинарот Миомир Серафиновиќ, емисијата КОД со водителката и новинар Снежана Лупеска, Списанието Фокус, NEWZ.24Live.com,*

*порталот МКД.мк, односно јавно да се извинуваат и во иднина да се воздржуваат од ваквите постапки кои се против законски и спротивно со законот за заштита на лични податоци*". Како институција на која се однесува претставката, наведена е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Со вонредниот надзор** извршен врз програмскиот сервис ТВ Телма – поточно на емисијата „КОД" емитувана на 6 февруари 2022 година, со почеток во 19 часот 13 минути и 49 секунди, **констатирано е прекршување на членот 61 (начела за вршење на дејноста) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно на начелото од став 1 алинеја 5 за: „почитување на пресумпција на невиност".**

**ТВ Телма, во емисијата „КОД"** со наслов „Година затвор за прегазување на полицаец, убиство или самоодбрана на Пале" – емитувана на 6 февруари 2022 година, која во првиот дел се однесува на судскиот спор во кој учествува подносителот на претставката, **не го почитувала начелото за пресумпција на невиност поради уредничката одлука јавно да ги објави целосното име и презиме на обвинетиот, датумот на раѓање и местото на живеење, иако судскиот процес за овој случај е во фаза на жалба пред Апелациониот суд Гостивар и за истиот не е донесена правосилна одлука.**

Делот од емисијата „КОД"- „Година затвор за прегазување на полицаец, убиство или самоодбрана на Пале", беше фокусиран на случајот низ призмата на семејството на жртвата (загинатиот полицаец). Се осврна и на јавниот обвинител кој не побарал повисока казна за обвинетиот - а кој се спогодил и на казна од 6 месеци во случајот со сообраќајката во која учествуваше Зоран Милески - Кичеец, а беше споменато и дека истиот сега конкурира да биде дел од Обвинителството за организиран криминал и корупција. **Во емисијата, при објаснувањето и при реконструкцијата на случајот за кој била донесена пресудата од Основниот Суд Гостивар, сите учесници во судскиот процес (меѓу кои и подносителот на претставката) беа објавени со целосното име и презиме**: *„...Обвинителот Арсим Адеми ја дознава пресудата од една година затвор за обвинетиот [Ш.Р, подносител на претставката, н.з.] за сообраќајната несреќа со двајца полицајци жртви...."* **Дел од пресудата од Основниот суд Гостивар беше и визуелно прикажан во емисијата. На прикажаниот дел се гледаа името и презимето на обвинетиот, датумот на раѓање и местото на живеење, а беа маскирани имињата на неговите родители и неговиот ЕМБГ.**

Инаку, подносителот на претставката до Народниот правобранител **доставил документација дека судскиот процес за овој случај е во фаза на жалба пред Апелациониот суд Гостивар и за истиот не е донесена правосилна одлука.** Согласно член 13 став 1 од Уставот на РС Македонија **„лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука".**

## 8. Опис на прекршувањето:

ТВ Телма, во емисијата „КОД" со наслов „Година затвор за прегазување на полицаец, убиство или самоодбрана на Пале" – емитувана на 6 февруари 2022 година, која во првиот дел се однесува на судскиот спор во кој учествува подносителот на претставката, донела уредничка одлука да го објави целосното име и презиме на обвинетиот, датумот на раѓање и местото на живеење, иако судскиот процес за овој случај е во фаза на жалба пред Апелациониот суд Гостивар и за истиот нема донесено правосилна одлука. Со други зборови, иако е завршена една фаза од судењето и Основниот суд Гостивар донел пресуда, таа е обжалена пред Апелациониот суд Гостивар и до неговата одлука таа не е правосилна, а обвинетиот, согласно Уставот на РС Македонија, е невин до донесување правосилна судска одлука.

Со објавувањето на идентитетот на подносителот на претставката (името и презимето, датумот на раѓање и местото на живеење), ТВ Телма постапила спротивно на **начелото за „почитување на пресумпција на невиност“ од членот 61 став 1 алинеја 5.**

## 9. Предлог-мерка:

Имајќи предвид дека начелата за вршење на дејноста од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предмет на саморегулација и Законот не предвидува казнени одредби, во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01 - 3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок, на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***